**КАМ доо е најголем синџир на маркети во Македонија кој ги применува основните принципи на хард дисконт: Висок квалитет и постојано ниски цени. Присутни сме во три земји во регионот со повеќе од 100 продавници, а успехот на компанијата го обезбедуваат 1.200 вработени кои посветено и професионално ја извршуваат својата работа.**

Постојано бараме амбициозни вработени и нудиме возбудливи задачи и проекти во динамична и интернационална средина. Станете дел од нашиот успешен тим кој е во експанзија: бараме личности кои ќе ни се придружат во секторот **Продажба** на позицијата:

## Соработник за персонал во маркети

**Ваши задачи:**

- Следење на потребите за персонал во маркетите, учество во процесот на селекција и регрутација на кандидати
- Спроведување на обуки за касиери , изработка и следење на сертификати
- Следење на перформан~~ост~~сите на вработените, нивна евалуација и прелози за продолжување на договорите
- Водење на евиденција за одмори, анекси, потврди и останата кадровска евиденција за вработените во Софтверски програм за персонал
- Изработка на пропратни евиденции за пресметка на платите на вработените
- Собирање на податоци од вработените, согласно моменталните потреби на секторот
- Изработка на дневни, неделни и месечни извештаи за персонал
- Други работни обврски од доменот на своето работно место, по налог на претпоставен.

**Вашиот профил:**

- Високо образование, пожелно Економски или Правен факултет
- Добро познавање на MS Office (Word, Excel, Power Point, Outlook)
- Предност имаат апликанти кои го познаваат англискиот јазик
- Аналитична личност, ориентирана кон успех, оптимизација на тек на процеси, високо развиено чувство за економичност
- Одлично познавање на програмскиот дел од работењето
- Можност за работа со рокови и под притисок
- Способност за разрешување проблеми

- Одлични интерперсонални и комуникациски способности, пишани и усни, за ефикасна интеракција со персоналот и другите одделенија.

**Ние Ви нудиме:**

- Обемно воведување во работата, со обука која ветува напредок и успех во работењето. Интензивно ќе бидете обучувани од ментор и ќе се запознаете со инструменти кои подоцна ќе Ви бидат потребни при самостојно извршување на деловните задачи
- Атрактивна плата + дополнителен бонус во зависност од успешноста во извршувањето на работните задачи
- Регрес,речиси 3 пати поголем од законски пропишаниот
- Бонус за препорачан пријател за работа
- Слободен ден за роденден
- Платено колективно осигурување
- Ваучер за склучен брак
- Ваучер за спортска опрема
- Картичка за спорт
- Пакет за новороденче
- Училишен пакет производи
- Пакет производи за верски празници согласно вероисповест
- Попуст за одмор во хотелот „Вилиџ“ во Охрид
- Работа во интернационална компанија, динамично работење исполнето с о новипредизвици и можности за стекнување нови искуства, вештини и напредување во кариерата.

Доколку сте во потрага по нови професионални предизвици, мотивирани сте и подготвени за нови успеси, испратете персонална биографија (CV) по пошта на адреса:

КАМ ДОО, Персонален оддел, ул. 35 бр. 39, 1041 Илинден

или на E-mail: **personal**@kam.mk

Апликација за работа можете да испратите и онлајн преку нашата интернет-страница: www.kam.com.mk

Изборот ќе се изврши во рок од 15 или 30 дена, во зависност од бројот на пристигнатите апликации. Само кандидатите кои ги исполнуваат наведените услови ќе влезат во потесниот избор и ќе бидат повратно контактирани.